Друштво за производство, трговија и услуги
АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ ДОО Скопје
Бр. 03-163
10.05 2019 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 126 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Службен весник на РМ број 24/2011, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12 и 27/14...90/2017) , Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ Интернатионал“ ДОО Скопје, со адреса на Бул.„Киро Глигоров“ бр.4 Гази Баба, 1000 Скопје, со ЕДБ МК 4030995162874 и ЕМБС 5024480 , ги донесе следниве:

**ПРАВИЛА**
**на Наградната игра “Здраве Актив ве носи во Барселона”**

**Член 1 Организатор**

Организатор на Наградната игра “**Здраве Актив ве носи во Барселона**” (од тука натака споменувана како ”Наградна игра”) е Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ Интернатионал“ ДОО Скопје, со адреса на Бул.„Киро Глигоров“ бр.4 Гази Баба 1000 Скопје (од тука натаму споменуван како “Организатор”).
Организаторот ќе ја организира Наградната игра во согласност со Правилата за наградната игра (од тука па натаму споменувани како “правила”).

**Член 2 Цел**

Целта на оваа наградна игра е рекламирање на Здраве Актив шампони против првут, кои Организаторот ги има во асортиманот.

**Член 3 ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Наградната игра ќе започне од 01-ви Јуни 2019 година и ќе трае до 31-ви Јули 2019 година.

**Член 4 ОПИС НА НАГРАДНАТА ИГРА**

**Член 4.1. ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 4.2. ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество во Наградната игра имаат сите полнолетни лица (со наполнети 18 години), кои се жители на Р. Северна Македонија.
Вработените во Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ Интернатионал“ ДОО Скопје и членовите на нивните потесни семејства ( родители, деца, брачен другар) немаат право на учество во Наградната игра.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

**Член 4.3. МЕХАНИЗАМ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Организаторот на наградната игра во периодот додека трае наградната игра ќе пушти во промет неограничени количини од своите производи Здраве Актив шампони против првут.
Производите предмет на наградната игра ќе бидат комуницирани со промотивните материјали изложени на местата на продажба во маркетите во кои се спроведува наградната игра (лифлети, постери, воблери, палетни дисплеи).

**Член 4.4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

За да можат да учествуваат во наградната игра, потенцијалните учесници потребно е да купат најмалку еден производ од Здраве Актив шампоните против првут предмет на оваа наградна игра, и да го испратат бројот на фискалната сметка со точниот час на купување по пат на СМС порака на бројот 142-241, кој важи за сите мобилни оператори без користење на префикс (цената на СМС пораката изнесува 5,9 денари со вклучен ДДВ ).
Секој учесник во наградната игра е должен да ја чува фискалната сметка за купениот производ до подигањето на потенцијалната награда, како услов да ја добие истата.

Сите СМС пораки, кои се испратени пред започнувањето на наградната игра, 1-ви Јуни 2019 година, како и сите СМС пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на наградната игра, 31-ви Јули 2019 година, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.
Не постои никакво ограничување во поглед на бројот на фискални сметки испратени од страна на еден учесник. Бројот на фискалната сметка и точниот час на купување може да се испрати само еднаш. Сите броеви на фискални сметки кои ќе бидат примени преку СМС пораки, од страна на организаторот на наградната игра ќе бидат верификувани. По верификувањето на добиените броеви на фискални сметки, секој учесник во наградната игра ќе добие повратен одговор, во зависност од испратениот број на фискална сметка.
Повратните кодови се следниве:

1. Кога учесникот праќа валиден СМС, системот испраќа одговор, дека бројот на фискалната сметка е регистриран за наградната игра.
2. Доколку се испрати празен СМС, системот испраќа одговор дека пораката е празна, како е потребно да се изврши исправна регистрација.
3. Доколку биде испратен СМС што содржи невалиден број на фискална сметка или е испратен веќе ист број на фискална сметка и час на купување, системот испраќа одговор, дека бројот е невалиден или е веќе искористен.
4. Доколку биде испратен СМС пред периодот на наградната игра, системот испраќа одговор на бројот од мобилниот телефон на лицето што се обидело да се регистрира, дека кампањата сè уште не е стартувана.
5. Доколку биде испратен СМС по периодот на наградната игра, системот испраќа одговор дека кампањата е завршена.

Еден единствен број на фискална сметка и час на купување може да биде испратен по СМС само еднаш.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Во наградната игра учествуваат сите валидни кодови испратени од 01-ви Јуни 2019 година во 00:00 часот до 31-ви Јули 2019 година 23:59 часот.
Извлекувањето на наградите ќе биде електронски по принципот на случаен избор од страна на компјутер.
Секој број на фискална сметка кој ќе биде добитен, нема да учествува во извлекување за останатите награди.
Наградната игра се состои од едно извлекување. Извлекувањето на наградите ќе се одржи на 05.08.2019 годна во 13:00 часот во просториите на Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ-Интернатионал" ДОО Скопје со адреса на Бул.„Киро Глигоров" бр.4 Гази Баба 1000 Скопје.

Контрола на извлекувањето и доделувањето на наградите ќе врши го комисија составена од три члена: два претставника на Организаторот на наградната игра и Нотар .

**Член 5 НАГРАДЕН ФОНД**

Наградниот фонд на наградната игра изнесува 175.374,00 денари со вклучен ДДВ.
Како главна награда во оваа наградна игра е ваучер за патување.
Покрај главната награда, од страна на организаторот во наградната игра ќе бидат доделени и други награди.
Наградниот фонд во наградната игра е следниов:

| "Здраве Актив ве носи во Барселона " | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Број** | **Награда** | **Количина** | **Единечна цена со ДДВ** | **Вкупна вредност со ДДВ** |
| 1 | **Патување за двајца** | 1 | 73.800,00 | 73.800,00 |
| 2 | **Електричен тротинет** | 2 | 22.800,00 | 45.600,00 |
| 3 | **Мобилен апарат Самсунг А8** | 2 | 18.377,00 | 36,754,00 |
| 4 | **Сет производи Арома** | 50 | 384,00 | 19.220,00 |
| | **ВКУПНО** | 55 | 115.361,00 | 175.374,00 |

Количините на наградите од наградната игра се ограничени и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои се претходно определени.

**Член 6 НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ**

Веднаш по самото извлекување, претставникот на Организаторот ќе испрати СМС до добитниците на наградите, со известување дека наградите може да се подигнат во просториите на АВТ Интернатионал Скопје.

Организаторот на наградната игра јавно ќе ги објави резултатите, односно добитниците на наградите, со објавување на телефонскиот број од кој е испратена СМС пораката, во рок од три дена од денот на извлекувањето на наградите на интернет страната www.awt.mk .

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

**Член 7 НАЧИН НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**

Добитниците ќе можат да ги подигнат наградите во просториите на Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ Интернатионал" ДОО Скопје со адреса на Бул.Киро Глигоров" бр.4 Гази Баба 1000 Скопје.
Добитниците ќе можат да ги подигнат наградите во рок од 60 (шеесет ) дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите.
Добитникот на првата награда – патување за двајца, ќе може да го искористи патувањето во период од 01.09.2019 – 31.12.2019 година.

**Член 8 ЗАПОЗНАВАЊЕ СО НАГРАДНАТА ИГРА**

Правила на наградната игра по добивањето согласност од Министерството за финансии, пред започнување на наградната игра, ќе бидат објавени на интернет страните www.nagradnaigra.mk и www.awt.mk и на Facebook страницата @nagradnaigra.mk.

**Член 9 ДАНОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ**

Организаторот е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани со наградите, вклучувајќи го и данокот на личен доход за добивки на игри на среќа.

**Член 10 РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИТЕ СПОРОВИ**

Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците во Наградната игра ќе се решава спогодбено, а во случај на спор за истиот ќе решава надлежен суд во Скопје.

**Член 11 ПРИГОВОРИ**

Секој незадоволен учесник во наградната игра може да поднесе приговор до Организаторот во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите и тоа на адреса Бул.Киро Глигоров" бр.4 Гази Баба 1000 Скопје.
Организаторот е должен писмено да одговори на приговорот во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на истиот.

**Член 12 КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

Добиниците на наградите се согласуваат нивните лични податоци (име, презиме, место на живеење) да бидат користени за потребите на објавување на добитниците и врачување на наградите.

**Член 13 ЗАМЕНА НА НАГРАДИ**

Учесниците во наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во официјалните правила од страна на Организаторот. Замена

на наградите со други предмети или други противвредности не е дозволена. Во ниту еден случај нема да биде доделен поголем број на награди од назначениот. Организаторот не подлежи на никаква одговорност за задоцнети или изгубени учества.

**Член 14 ОДГОВОРНОСТ**

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик.
Организаторот не одговара за евентуалните штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра.
Организаторот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради неможност потенцијалниот добитник или негов преставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки поврзани со конкретниот добитник или негов преставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

**Член 15 ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Наградната игра може да се откаже во случај на виша сила, како и во ситуација кога не постои можност Организаторот да има независност во спроведувањето на наградната игра, само по претходно известување и добиена согласност од Министерството за финансии. Во случај на откажување на наградната игра, Организаторот ќе ги информира потрошувачите за откажувањето на наградната игра, за причините поради кои се откажува наградната игра, како и за датумот на откажување со објавување во дневен весник.

**Член 16 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овие Правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за Финансии ќе издаде Дозвола за приредување на игра на среќа – наградна игра и истите ќе важат сè до завршувањето на наградната игра. Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

Организатор
АВТ Интернатионал ДОО Скопје

Друштво за производство, трговија и услуги АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ ДОО СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ • IV • СКОПЈЕ